Јуни
2021

# Службен гласник на општина Пласница

## Број 4/2021 година примерокот е бесплатен

| |
|---|
| *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*<br>*НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА* |
| *opstina_plasnica@yahoo.com*<br>*045/287-086*<br>*045/207-087* |

**СОДРЖИНА**

1. **Заклучок за објавување на Одлука за верификација на мандат на член на Советот на општина Пласница……………….......................................................................................3**
2. **Заклучок за објавување на Дополна на Програмата за изградба, реконстукција, санација, одржување и заштита на локалните патишта, улици и мостови на територијата на општина Пласница по сите населени места за 2021 година……………………………………………..........................................................................4**
3. **Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на квартален финансиски извештај К1 и К2 за прв квартал во 2021 година…………………................................5**
4. **Заклучок за објавување на Одлука за започнување со постапка за воспоставување на сообраќајни знаци и сообраќајна сигнализација на територијата на општина Пласница…………………………………………………………………………….....……………………6**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука за верификација на мандат на член на Советот на општина Пласница**

1. Се прогласува, Одлука за верификација на мандат на член на Советот на општина Пласница, бр.08-292/3, донесена од Советот на општина Пласница на ден 31.05.2021 година**.**

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-309/1**
**01.06.2021 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ бр.02/2002 година), член 14 од Статутот на општина Пласница („Сл. Гласник на Општина Пласница бр.02/2006 и 03/2019 година) како и во согласност со член 5, 6 и 7 од Деловникот за работа на Советот на општина Пласница („Сл. Гласник на Општина Пласница бр.02/2006 и 03/2019 година), Советот на општина Пласница на седницата одржана на ден 31.05.2021 година ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**за верификација на мандат на член на Советот на општина Пласница**

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Извештајот на Верификационата комисија и Комисијата за мандатни прашања, избор и именување на општина Пласница.

**Член 2**

СЕ ВЕРИФИЦИРА мандатот на член на Советот на Општина Пласница:

1. АДИСЕН МУСЛИОСКИ од с.Лисичани – општина Пласница.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на општина Пласница’’.

**Број 08-292/3**
**31.05.2021 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Садаим Азизоски**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Дополна на Програмата за изградба, реконстукција, санација, одржување и заштита на локалните патишта, улици и мостови на територијата на општина Пласница по сите населени места за 2021 година**

1. Се прогласува, Дополна на Програмата за изградба, реконстукција, санација, одржување и заштита на локалните патишта, улици и мостови на територијата на општина Пласница по сите населени места за 2021 година, бр.08-292/4, донесена од Советот на општина Пласница на ден 31.05.2021 година**.**

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-309/2**
**01.06.2021 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 62 став 1 од од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) член 17 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Пласница (Сл.гласник на ОП бр.02/2006 и 03/2019 година) и член 142 став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Пласница (Сл.гласник на О.Пласница бр.02/2006 и 03/2019 година), како и согласно член 7 од Програмата за изградба, реконстукција, санација, одржување и заштита на локалните патишта, улици и мостови на територијата на општина Пласница по сите населени места за 2021 година (Сл.гласник бр. 9/2020 година), Советот на Општина Пласница на 34- тата седницата одржана на ден 31.05.2021 година, ја донесе следнава:

**Д О П О Л Н А НА П Р О Г Р А М А Т А**
**за изградба, реконстукција, санација, одржување и заштита на локалните патишта, улици и мостови на територијата на општина Пласница по сите населени места за 2021 година**

Во Програмата за изградба, реконстукција, санација, одржување и заштита на локалните патишта, улици и мостови на територијата на општина Пласница по сите

населени места за 2021 година бр.08- 620/11 од 30.12.2020 година се врши следната дополна:

1. Во член 4 по точка 1.10 се додаваат две нови точки точка 1.11 и точка 1.12 кои гласат:

   - 1.11. Изградба на пристапни улици дел од ПР24, и дел од ПР25 во н.м.Пласница – општина Пласница со тех.бр 12/21, од 03.2021 година;
   - 1.12.Изградба на пристапна улица со крак до земјоделско земјиште (гробишта) место Пласница – општина Пласница)" со тех.бр 13/12, од 03.2021 година.

2. Во член 4 по точка 2.1 се додава нова точка точка 2.2 која гласи:
   - 2.2. Изградба и реконструкција на сообраќајница и краци во населено место Преглово – општина Пласница со тех.бр 11/21, од 03.2021 година

3. Останатите членови од горенаведената програма остануваат непроменети.

4. Оваа Дополна на програма влегува во сила со денот на објавувањето во („Службен гласник на Општина Пласница").

**Број 08-292/4**
**31.05.2021 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Садаим Азизоски**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука за усвојување на квартален финансиски извештај К1 и К2 за прв квартал во 2021 година**

1. Се прогласува, Одлука за усвојување на квартален финансиски извештај К1 и К2 за прв квартал во 2021 година, бр.08-292/5, донесена од Советот на општина Пласница на ден 31.05.2021 година**.**

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-309/3**
**01.06.2021 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 32 став 2 и 4 од Законот за финансисрање на единиците на локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и 244/19 година) член 17 став 2 и 3 од Статутот на општина Пласница („Сл. Гласник на Општина Пласница бр.02/2006 и 03/2019 год) како и согласно член 147 од Деловникот за работа на Советото на општина Пласница (,,Сл. гласник на Општина Пласница бр.02/2006 и 03/2019 год), Советот на општина Пласница на седницаta одржана на ден 31.05.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на квартален финансиски извештај К1 и К2 за прв квартал во 2021 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува квартален финансиски извештај К1 и К2 за прв квартал во 2021 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавивање во ,,Службен гласник на општина Пласница’’.

**Број 08-292/5**
**31.05.2021 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Садаим Азизоски**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука за започнување со постапка за воспоставување на сообраќајни знаци и сообраќајна сигнализација на територијата на општина Пласница**

1. Се прогласува, Одлука за започнување со постапка за воспоставување на сообраќајни знаци и сообраќајна сигнализација на територијата на општина Пласница, бр.08-292/6 донесена од Советот на општина Пласница на ден 31.05.2021 година**.**

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-309/4**
**01.06.2021 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002 год.), и член 17 став 1 точка 3 од Статутот на општина Пласница („Службен гласник на општина Пласница бр.02/2006), советот на општина Пласница на седницата одржана на ден 31.05.2021 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за започнување со постапка за воспоставување на сообраќајни знаци и сообраќајна сигнализација на територијата на општина Пласница**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши започнување со постапка за воспоставување на сообраќајни знаци и сообраќајна сигнализација на територијата на општина Пласница, по сите населени места и тоа с.Пласница, с.Преглово, с.Дворци и с.Лисичани – општина Пласница.

**Член 2**

Со донесувње на оваа одлука, ќе се спроведе соодветна постапка за утврдување на места за поставување на нови сообраќајни знаци, патоказни и дополнителни табли со различни димензии, гумени лежечки полицајци, браници за заштита, сообраќајни огледала, како и други активности од областа на сообраақајното уредување на територијата на општина Пласница.

**Член 3**

Постапката од член 1 од оваа Одлука за воспоставување на сообраќајни знаци и сообраќајна сигнализација на територијата на општина Пласница, ќе ја спроведен општина Пласница во координација и одржување на состаноци со Комисија за именување на улици плоштади и други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Пласница, Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Пласница како и со претставници од Министерството на внатрешни работи.

**Член 4**

Со донесување на оваа одлука престанува да важи одлуката со бр.08-250/11 од 10.04.2018 година, донесена од страна на Советот на општина Пласница.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во „Службен гласник на општина Пласница,,

**Број 08-292/6** — **Совет на општина Пласница**
**31.05.2021 година** — **Претседател**
**Пласница** — **Садаим Азизоски**

==========================================================